**20252024043**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 и точка 6-а од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25), член 65-ѓ став 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 122/21 и 37/25), а во врска со член 16 став 1 точка 6 и член 17 став 1 точка 1 од Законот за финансиска стабилност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 173/22), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ИДЕНТИФИКУВАЊЕ СИСТЕМСКИ ЗНАЧАЈНИ БАНКИ

1. Во Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/24 и 50/25), во точката 14 по ставот 1 се додава нов став 2, којшто гласи:

„По исклучок на ставот 1 на оваа точка, одредбите од главата IV. Дополнителна оцена за идентификување системски значајни банки и одредбите од главата V. Утврдување заштитен слој на капиталот врз основа на дополнителна оцена, од оваа одлука, ќе се применуваат од 30 јуни 2026 година“.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-31278/8
25 септември 2025 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Трајко Славески,** с.р.